# БРЗА БЕРЗА - СОФТВЕР ЗА ФИНАНСИСКА МАТЕМАТИКА

*Стефан Шорко, Анета Велкоска*
*Факултетот за Информатички системи, визуелизација, дигитална мултимедијална и анимациска техника*
*Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“, Охрид*
e-mail: stefan.shorko@isvma.uist.edu.mk
aneta.velkoska@uist.edu.mk

Полето на финансиската математика е широко применливо на светско ниво. Тоа се користи за да се извршуваат секојдневни пресметки кои се потребни за конзистетно одржување на нечиј баланс. Примената на интегрирани аритметички операции од финансиската математика одзема многу време за тие целосно да се разберат и е тежок процес таа да се реализира рачно, бидејќи, на пример, само за водењето на секојдневните финансии неопходни се истовремено секојдневни ажурирања на многу фактори и одговорност за приватноста на информациите на секој клиент. Способноста да се разбере работниот процес на водењето на финансиите се стекнува со искуство, но ако постои соодветна алатка за да се забрза тој пристап, повеќе клиенти ќе бидат опслужени и повеќе записи ќе бидат организирани.

Ова е една од причините за да креираме софтвер кој го нарековме *Брза берза*. Тоа е софтвер со соодветен визуелен интерфејс кој ги пресметува сите основни операции и поими од финансиска математика, како вкаматување, дисконтирање, миза и рента, заем и ануитети. Примената на овој софтвер е главно мотивирана од идејата да се постави алатка која ќе е распространета за учениците од средните училишта во Р. Македонија и сите ученици кои штотуку се запознаваат со концептот на применета финансиска математика.